Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë

ЦКА-ПХВ
ККА-РVН

# МАЛИ ПРОЕКТИ 2019



Пред Вас е една брошура во која накратко се опишани сите „мали" проекти кои беа сработени во 2019 година преку ЦКА-ПХВ програмата. Оваа година 1091 младинец од целата земја, беа дел од 150-те мали проекти. Младите се на возраст од 13 до 17 години, но некогаш се помлади. Покажаа дека годините не се важни, покажаа зрелост и истрајност при реализација на нивните проекти. И најважно стигнаа до целта, тоа што го планираа, на крајот го реализираа. Некои проекти беа наменети за едно лице, некои проекти за цело семејство, некои проекти беа наменети за одредени институции каде бројот на корисници е многу поголем, преку некои пректи се промовираше културата на различните етнички групи, а некои пак дадоа допринос за екологија.

И да ја прочитате цела, или пак само некоја страна од брошурата, сепак ќе бидете инспирирани од младинците и од нивните дела.

Посакуваме да тргнете по нивниот пат и следната година новите волонтери да направат уште повеќе за себе и за својата заедница.

Со почит<br>
Алекс&ПХВ тим

## **ООЦК БИТОЛА** АНА ГУНЗОВСКА

### ВРАТЕНИ НАСМЕВКИ

Целта на проектот е собирање на парични средства за лекување на Ј. Т. К. На фудбалски стадион се организираше кино на отворено на кое се прикажуваше хумористичниот филм „Викенд на мртовци". На настанот присуствуваа многу луѓе од Битола. Исто така се поставија и кутии за донации по кафулињата низ Битола. Се собраа околу 30.00 денари кои беа уплатени на сметка на Ј. Т. К.

### БЕЗБЕДНОСТ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

Запознавање на пред се младите со опасностите на интернетот – социјалните мрежи како и лоцирање на проблемот и опасноста на овие мрежи беа цел на младите од овој тим.Исто така тие организираа и хуманитарен турнир во друштвената игра ,,БЕЉОТ" каде на трибина презентираа и дискутираа за овие опасности и последици во животот на младите како жртви на измами, уцени, насилство и криминал.

### СО ЉУБОВ ЗА ЉУПКА

Целта на оваа група била да обезбеди доволно финансиски средства за купување на количка за 8-годишно девојче со церебрална парализа. За таа цел е организиран хуманитарен концерт во Порта Џез и со собраните 11.000 денари ја обезбедиле количката. Во текот на проектот, групата минувала време со девојчето во нејзиниот дом.

### СО ПЕСНА ЗА ПОДОБРО УТРО

Целта на младите од овој проект беше да се олесни животот на В.М и Д. М , кои примаат социјална помош од 1900 денари месечно. Групата го вработува В. Како пеач во еден ресторан.Организирале турнир во кошарка , хуманитарна свирка и обезбедуваат и компјутер за да може да ја пушта матрицата.Сега младиот В. успешно заработува за својот живот.

### СЕКОЈ ДЕН Е УБАВ

Насмевката на младите е секогаш цел па така и на оваа група. Сакајќи да ги

видат дечињата насмеани во 300 – Битола тие организираат поправка и пребојување на реквизитите за игра. За да ги обезбедат потребните финансии за купување на бои и други алати, младите подготвиле и организирале прикажување на театарска претстава „Митот за лавовското магаре“ која сами ја смислиле и извеле во дворот на 300, а посетители биле дечиња од градинката.

## **ООЦК ВАЛАНДОВО** – ЗОРАН ТОДОРОВ

### **НАСМЕВКА ЗА СЕКОЈ**
Целта на овој проект беше да се обезбедат средства за купување на облека и школски прибор за дете од сиромашно семејство.Средствата беа обезбедени преку собирни акции во школото, скулбазар со готвена храна, театарска претстава и турнир во не-лути-се-човече. Собрани се околу 5500 денари.

### **НЕ БАРАЈ ПРИЧИНА ЗА ДА БИДЕШ ХУМАН**
Да се помогне на едно семејство со мало бебе беше цел на младите од Валандово. За таа цел се организираа повеке настани и се собраа околу 16 000 денари. На 1ви Април беше организирана т.н„Вечер под маски“, Велигденски базар во училишниот двор, Претстава во Домот на културата и кутии за донации. Средствата биле искористени за облека, храна и шпорет за ова семејство.

### ПРОДОЛЖЕНИЕ
Целта на проектот беше да се обезбедат финансиски средства за купување на кревет за опожарено семејство . За таа цел преку донации од врата на врата, скулбазари се собрани околу 14 000 денари и е купен кревет за ова семејство.

### ЗАЕДНО УЧИМЕ И СЕ ДРУЖИМЕ
Помош на седумгодишно дете кој заради проблемите на неговата мајка, почнува да се одалечува од децата. Младинците успеваат да го запишаат на фудбал и да му обезбедат нов ранец, таблет и училишен прибор. Младите исто така организираат и две работилници на кои се зборуваше за прифаќање и инклузија но и еден Велигденски базар.

### ХУМАНОСТА НА ДЕЛО

Поттикнати од ПХВ обуките и насоките и желбата за помош ПХВ младинците, организираат хуманитарни активности за помош на осиромашено четворочлено семејство, без примања. Организирани и реализирани се: Посети, хуманитарна забава и претстава, кино проекција и се собрани околу 16 000 денари кои биле потрошени за фрижидер, шпорет и храна за ова семејство.

### ФАТМАЃУЛ

Целта на проектот беше да се помогнат во социјализацијата на девојчето Ф. , од турска националност, кое не знаело македонски јазик и поради тоа било тажно и не се дружело, преку организирани средби во училиштето во нејзиното слободно време кога се дружеле и и’ помагале да ги научи буквите од македонската азбука.Сега таа ја знае азбуката на македонски а младинците продолжиле со другарување и по проектот.

### СИТЕ ЗАЕДНО МОЖЕМЕ

Да бидеш хуман е едно најскормно и најмирно нешто.Па така и ние одлучивме да бидеме хумани. Сакавме да помогнеме во центарот за деца со посебни потреби.Прво се запознавме со сите деца од центарот. Потоа одлучувавме да симнеме филм и луѓето во нашата општина да гледат кино. Собравме доволно финансиски сретства кои ги употребивме да купиме топломер,кој за помалку од 6 секунди ја мери температурата.Побаравме спонзорство од една текстилна фирма која прифати и ни донираше 20 блузи за дневниот центар.

## **ООЦК ВЕЛЕС** – АЛЕКСАНДРА ЗДРАВЕВСКА

### ПОД ИСТО СОНЦЕ

Целта на проектот на младинците била да се разбијат стереотипите за децата припадници на муслиманска вероисповед, да има меѓусебна дружба преку многу едукативни работилници и друштвени игри преку кои сакаат да ги разбијат стереотипите и предрасудите и да докажат дека сите сме еднакви.

## ПОДАРИ ВНИМАНИЕ – ПОДАРИ НАСМЕВКА

Помагање и дружење за постигнување на чувство на еднаквост со деца и млади во Дневен центар за деца и млади со попреченост во Велес беше целта на овие млади . Се спроведоа креативни работилници со соодветни теми, екскурзии и излети; дружење, што допринесува за создавање на блискост и еднаквост и можности за интеракција со другите деца и млади.

## ЕДНО КАПАЧЕ ЕДНА НАДЕЖ

Целта беше да се обезбеди нова инвалидска количка за лицето Д. П. преку собирање над 5000 капачиња и аплицирање за проектот од Министерството за животна средина, како и обезбедување на пакет со храна за семејството.

## ЗА НАШИТЕ БЛИЗНАЧИЊА

Младите од овој проект имале за цел да помогнат на двомесечни близначиња кои што се неухранети и во животна опасност, така што обезбедиле болнички третман за децата, храна , хигиена преку собирна акција со навивачката група Гемиџии каде собрале 33 000 денари . Условите за живот на семејството биле никакви па се мотивирале да пронајдат и нов дом за ова семејство.

## ЗА СИТЕ ДЕЦА ДА БИДЕ СОНЦЕ

Целта била да се подобрат условите за живот на 8 годишното девојче М. која била оставена од бебе и живее со својата баба и вујко, преку донирање мебел, прехрамбени продукти, училишен прибор и облека .

## СИТЕ ЗАЕДНО ЗА БАБА ЦАВА

Да се вклучат во подобрување на условите за живот и социјализацијата на баба Цава од Чашка (најниската жена во државата) за да може да функционира, преку обезбедување бољерче за нејзини потреби, барање донации и поттикнување на граѓаните од Чашка да помогнат во реновирање на куќата и условите за живот беше целта на овие младинци кои ја вратија насмевката на нејзиното лице.

## СО ХУМАНОСТ ДО ПОДОБАР ДОМ

Целта на проектот е да се обезбедат основни услови за живот, замена на мебелот и уредување на домот на Д. Д. која живее сама во запуштен и руиниран дом. Потребните средства ги обезбедиле преку собирна акција и

преку соработка со СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, чии ученици веќе спремената претстава ја одиграле повторно, а средствата од влезниците ги донирале на тимот, кој потоа купил храна, хигиена, материјали за варосување, два кревети, фотеља, маса, 4 стола, теписи и плакар.

## **ООЦК ВИНИЦА** – МАРИЈА МАНАСИЕВА

### ЦЕЛ ГРАД ЗА СЕСТРА И БРАТ

Преку истражување младите дознале за двајца сираци, брат и сестра кој биле во лоша финаниска состојба. Тие преку активности успеале да соберат доволно средства за сестрата да отиде на екскурзија, преку продавање на карамелизирани јаболки, маскенбал и собирање на донации.

### МАЛ ЧЕКОР ЗА ГОЛЕМА ПОМОШ

ПХВ младинците одлучија да помогнат на инвалидизирано лице кое нема средства за лекување и живее во тага и осаменост, болки. За обезбедување на финасиски средства групата има организирано повеќе хуманитарни активности при што собрале и ги ставиле на сметка 22 600 денари. Членовите на групата 3 до 4 пати ја посетуваа жената корисник, обезедувајќи среќа, радост и надеж.

### МОЖНОСТ ДА ВИДИМЕ МОЖНОСТ

Нашиот тим реши да помогне на едно единаесетчлено семејство на кое му беа потребни многу храна, облека , средства за хигиена, и предмети за во домот. Организиравме многу акции, собиранки на кои собравме многу средства, уплативме и за екскурзија на еден член и помогнавме на ова деветдеттно семејство а тие не испратија со насмевка на лицата.

## **ООЦК ГОСТИВАР** – АНГЕЛА АНЃЕЛКОВСКА

### НАСМЕВНИ СЕ

Младинците помогнале на сиромашно семејство кое живеело во лоша хигиенска средина. Тие одлучине на креативен начин – изработување на маски и продавање на велигденски јајца да соберат средства и да помогнат на семејството преку купување на хигиенски средства и машина за перење.

### КРЕИРАМЕ МОДЕЛИ ЗА ХУМАНИ ЦЕЛИ

Целта на проектот беше да се купат 2 нови удобни кревети со душеци, постелини и плакар за седумчлено семејство, кое живее во сиромаштија. Се решија повеке проблеми, се намалија болките во грбот и се намали ризикот од влошување на здравјето. Потребните финансиски средства ПХВ младинците ги собраа преку организирање на хуманитарна модна ревија од рециклирани материјали.

### БРАТСТВО

Потребата од добра комуникација и разбирање мегу различни јазични заедници во Гостивар, ја потикна пхв групата да постават цел за изучување на јазиците на локалните заедници, односно на македонскиот и албанскиот јазик. Составена беше група од пхв младинци кои сакаа да ги изучуваат јазиците, на волонтерска основа беше ангажирана професорка по албански наставен јазик и, успешно се организирани и реализирани 16 часа по албански јазик.

### ЗАСАДИ ДРВО - СПАСИ ЈА ПРИРОДАТА

Организирана е еколошка акција за оплеменување на дворот од училиштето СОУ „Гостивар" во Гостивар, преку обезбедување и засадување на 17 садници зимзелено дрво. За да обебедат финансиски средства за купување на садниците, младинците организирале 3 собирни акции, една во училиштето и две во локалните фирми.

### КОШ ПОБЛИСКУ ДО ЦЕЛТА

Целта на проектот е да се обезбедат апарати за домаќинство на семејство преку организирање на хуманитарен кошаркарски натпревар помеѓу ЖКК„Гостивар" и ЖКК„Работнички". Плакатите и влезниците на натптеварот се изработени на посебна работилница, а како донација го добиле печатењето. Тимот обезбедил доволно финанасиски средства за да купи машина за перење на алишта, електричен шпорет, тостер и училишен прибор за децата.

## **ООЦК ДЕМИР ХИСАР** – ЈАСМИНА ДАМЧЕВСКА

### СИТЕ СО ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ

Целта на младинците беше да помогнат на девојче кое тешко се движи и по две операции. Младите имаа желба да и купат лап топ за да може да комуницира со своите другари. За таа цел реализираа проекција на цртан

филм во градинка и турнир во Play station. Собрале доволно средства за да и ја остварат нејзината желба.

### НАДЕЖ

Групата младинци се одлучи да помогне на семејство во с. Прибилци ,,СОУ Крсте Петков Мисирков" и ,,ОУ Гоце Делчев" во Демир Хисар успешно организираа и реализираа хуманитарен турнир во фудбал помеѓу екипи на СОУ и Спортска академија од Битола, при што се собрани 9.400 денари. Со парите е извршена набавка на храна, хигиенски средства и облека а, реализирана е и обука за користење на хигиенски средства.

### ДЕТСКА ИГРА

Чистење и оплеменување на паркот во Демир Хисар и подобрување на условите за престој на учениците од блиското училиште. Потребните финансиски средства за да ја остварат целта биле обезбедени преку проектирање на филм за деца во ОУ „Гоце Делчев", како и преку донација од Градоначалник, ЈП „Комуналец" и приватното претпријатие „Трампе".

### ЗЕЛЕНА ОКОЛИНА

Младите во овој проект имаат за цел да ја подигна свеста кај младите за околината и екологијата и за да остварат тие одржале презентации во училиштата, ја поправиле и исчистиле училишната ограда, училишниот парк и површината околу училиштето.

### СВЕТ БЕЗ ПОДЕЛБИ

Целта на овој проект е зближување на децата од различни националности преку организирање активност за изработка на хамер за различни држави, речник на зборови, како и презентирање на проектот пред ученици и професори од училиштето.

## **ООЦК ДЕЛЧЕВО** – АНГЕЛА НИКОЛОВА

### ЧИСТА , ЗДРАВА И УБАВА ОКОЛИНА

Идеа за овој проект била да се овозможи простор за движење и играње на малите. Оваа идеа се остварува за неколку дена откако младите купиле потребните материјали и самостојно го изчистиле овој парк.

### ХУМАНИОТ АПРИЛ

Цел на овој тим била да обезбедат средства за да купат машина за перење алишта , тепих, играчки, хигиена на семејство од Делчево преку собирна акција и организирање на хуманитарна претстава. Организирана е и собирна акција со продавање на велигденски украси.

### ПОДАРИ РАДОСТ

Целта на проектот е да се внесе позитивна енергија и радост во домот на едно семејство преку обезбедување на неколку апарати за домаќинство.Преку проекција на филм собрани се парични средства од кои на семејството им се купени апарати за домаќинство. Исто така од неколку бутици обезбедена е и донација во облека.

### ХУМАНОСТА ПОБЕДУВА

Цел на оваа група е семејство чија кука била опожарена. Преку конкурс на тема ,,Хуманост и музика и пеење " и хуманитарен концерт собрани се околу 8600 денари при што се купува материјал и се средува спратот на ова семејство.

### НАСМЕВКА ЗА АНТОНИО

Младите во овој проект имале за цел да обезбедат финансиска помош преку која ќе ја подобрат материјалната состојба на едно семејство. Обезбедиле храна, хигиенски средства, играчки, обувки и облека. Собрани се 6000 денари и со нив е купена правосмукалка и дел од наведените производи. Собраните средства ги обезбедиле преку директни посети на стопански субјекти, продавници и институции.

## **ООЦК КАВАДАРЦИ** – БИЛЈАНА СТЕФКОВСКА

### СОНЦЕТО ГРЕЕ ЗА СИТЕ ИСТО

Оваа група го одбра семејството кое имаше потреба од соба , простор за живеење. Преку куклени претстави се обезбедија 18 000 денари и со нив се купени градежните материјали Групата направи и собирна акција за друга целна група со помош на другите проекти на ЦКА ПХВ.

## ТРОШКА НАДЕЖ

Да се помогне на лицето К.О. за подобар и полесен живот (храна, лекови, средства за хигиена) била целта на овој тим на младинци.Преку многуте активности обезбедиле храна,облека и хигиена но и во соработка со ресторан обезбедиле оброк 3пати неделно. Преку хуманитарен базар е собрана сума на пари од која се купиле неопходните лекови.

## СОНЧЕВИ ЗРАЦИ ЗА СИТЕ

Целта на проектот беше да се подобрат условите за живот по однос на хигиената, здравјето и социјалната вклученост на едно семејство , преку изградба и опремување на тоалет. Потребните средства младинците ги обезбедиле преку организирање на мини маратон и 4 креативни работилници со децата со посебни потреби во Дневниот центар во Кавадарци како и во посебните паралелки во ООУ „Страшо Пинџур".

## МАТЕРИЈАЛНА ПОМОШ

Целта на овој проект била да се помогне 5 члено семејство и да му се озвозможи на семејството да изгради свое сопствено купатило. Младинците реализирале театарска претстава во својот град и собрале пари со кои се обезбедени цигли. Истите се доставени до семејството а останатиот дел семејството само ќе го направи.

## ЗДРУЖЕНО ДЕЈСТВУВАЊЕ

Помош за Е. Ж. беше целта на овој проект. Собрани се 12 200 денари преку организација на хуманитарна проекција на комедијата „Лакрдиите на Паја" во Домот на кулутрата во Кавадарци. Преку тоа продале 122 карти и со таа сума успеале да ги соберат средствата за подготовката за лекување во Скопје.

## ЗЕЛЕНКОВЦИ

За да ја подигнат свеста за чиста и здрава околина младинците решиле да направат едукација за екологија, да засадат садници и да учествуваме во чистење на неколку локации и паркови во град Кавадарци. Младинците истотака се вклучиле и на акција за посадување на дрва којашто веќе била предвидена од ЈП Комуналец и вложиле нивно време и труд за акцијата Организирале акција за чистење од градот од одпад и тоа го напрвиле на неколку пати во различни делови/места на градот.

-неповрзано со горенаведената акција, младинците се ангажирале во активности за хуманитарна проекција на филм за собирање на средсва за заболено девојче.

### РАЗЛИЧНОСТИТЕ СЕ ЗАЧИНОТ НА ЖИВОТОТ

Целта на проектот е да обезбедат грејни тела (2 панелни греалки) за штитениците од групниот дом во Кавадарци како и социјализација и дружење со истите во времетрање од еден месец.Поставиле касички, организирале забава и многу различни активности преку која собрале средства за овие лица во домот.

### СИЛАТА ЛЕЖИ ВО РАЗЛИКИТЕ НЕ ВО СЛИЧНОСТИТЕ

Младите од овој проект имаа за цел да дадат придонес кон намалувавње на дискриминиацијата и насилството.

## **ООЦК КИЧЕВО** – ДОНАТЕЛА ВЕЛАНОСКА, АРИЈОН РАМАДАНИ

### ДРАМА ПРЕД СЕ

Помош на трочлено семејство со купување на машина за перење алишта, хигиенски средства и стара облека. Со помош на театарска претстава се собрани овие средства и се дадени на семејството.

### ГАЛЕБ – PULEBARDHA

Помош на семејство со донирање на кревет и купување на плакар. Средствата се собрани со спремање на театарска претстава, драматизација на делото на Чеков – Галеб, кои децата ја организирале и настапувале сами со спремање од преку 2 месеци. Собрани се 7760 денари од претставата, дониран е креветот и купен е рафт.

### ИГРАЈ СПОРТСКИ,ИГРАЈ ХУМАНО

Младинците како цел на овој проект го поставиле обезбедувањето на хигиенски средства и на парични средства за да се купи бојлер и мијалник за трочлено семејство Успеваат да соберат 7.400 денари преку организирање на хуманитерен турнир во мал фудбал во средното училиште "Мирко Милески.

СИТЕ ЗАЕДНО ЗА ЕДЕН – TE BASHKUAR PER NJE

Помагање на слепо лице, со купување на хигиенски и прехранбени продукти. Средствата се собрани со продавање на слатки и нескафе низ град. Собрани 3200 ден. Кратка акција со не многу силен ефект. Идејата оригинална поради продавање на слатки после џума. Анимираност поради високата фреквенција на луѓе за џума во градот.

ХУМАНОСТА НА БОРЈАН

Младите од овој проект имаа за цел да ја олеснаат животнана ситуација на младиот татко кој живее сам со две мали деца. Младинците реализирале фудбалски турнир и изработиле книга со поезија која била продавана на улиците во Кичево. Собрале средства со кои купиле хигиена, храна и поставиле батерија - чешма за вода во тоалетот.

## **ООЦК КОЧАНИ** – ВИКТОРИЈА АНДОНОВА

БЕЛИ ЅИДОВИ – СВЕТОЛ ДОМ

Целта на овој проект е помош на двочлено семејство, мајка и син кои живееат во тешки уислови. Младинците имале собирни акции, проекција на филм и продажба на пуканки за да го реализират проектот. Собрале доволно средства и го реализирале својот проект, односно го избетонирале просторот и поставиле ламинат. Исто така им купиле нови душеци за спиење.

ЅВЕЗДИЧКИ

Обезбедување доволно парични средства за купување машина за миење на садови за кујната во детската градинка „Павлина Велјанова" - клон број 3 Кочани, со цел олеснување на условите за работа на вработените во кујната, како и поминување време со децата од двете најголеми групи во градинката, заедничко учење на азбуката, боење, цртање и пооучување за важноста од здрава храна.

МОТИВАЦИЈА

Да се приспособи една просторија во СОУ „Љупчо Сантов" во Кочани во катче за дебати, дискусии и дружења на младите и ученици, преку чистење, поставување ламинат во една просторија, уредување на просторијата, како

и купување мебел и друштвени игри. Преку продажба на бончиња и пораки за убав ден за Меѓународниот ден на жената, чистење на влезови, средства од фирми при што се собрани се околу 28 000 денари и се купени потребните средства и материјали.

### ОД НАС ЗА НАС

Целта на овој проект беше да се подобрат знаењата на учениците роми во македонскиот јазик во траење од 3 месеци. Во насока на тоа, 10 часа младите со помош на учесниците учеле турски јазик, покрај тоа организирале трибина за подигање на свеста кај луѓето за меѓусебна соработка и соживот на која што учествувале 3 говорници (Македонка, Ромка и волонтер од Мировниот корпус). Исто така организирале 3 креативни работилници со наслов жива билиотека во 3 основни училишта во градот Кочани, на кои употребувале и алатки од финалните работилници на ЦКА-ПХВ програмата.

### БЛЕСОК

Целта на проектот е да се обезбеди функционална бања и тоалет на петчлено семејство преку повеке активности:

- осмислување, печатење и продажба на 100 боенки со наслов „Бој и волонтирај"
- осмислување, печатење и продажба на грепки (50% од грепките биле добитни, а скромните награди биле обезбедени преку донација)
- чистење на излозите на продавниците во градот за симболична цена.

## **ООЦК КРИВА ПАЛАНКА** – ЖИВКА СТОИЛКОВСКА

### БЕСКОНЕЧНОСТА НА УНИВЕРЗАЛНАТА ЕДНАКВОСТ

Во Дневниот центар за лица со попречености во Крива Паланка уреден е дворот, поставени се нови клупи, засадени се цвеќиња и исчистен е дворот од Дневниот центар.

Исто така заедно е одбележан Денот на пролетта со заедничко правење на мартинки, а по повод 8 Март изработени се честитки кои биле делени на жените кои биле сретнати на улица.

### БИДИ ДРУГАР – ПОДАЈ РАКА

Со помош од училиштето овој тим успешно собрал средства за живот на

самохраниот татко при што потоа купените средства ги спакувал и ги предал на семејството.

### ХУМАНО СРЦЕ

Да помогнат на малата А.  и да и обезбедат храна и прибор до крај на учебната година.Се организирала  собирна акција  во училиштето  кадешто се донирало храна, алишта и парични средства.  Донациите биле доставени,а со паричните средства и купиле училишен прибор. Истотака волонтерите постигнале договор со Училиште за странски јазици, да и се обезбедат безплатни курсеви на малата А.

## **ООЦК КУМАНОВО** – ЈУГОСЛАВ СПАСИЌ, ФАТРИЈЕ АРИФИ

### РАЗЛИЧНИ А ИСТИ  - СИТЕ ЕКОЛОГИСТИ

Целта на проектот беше да се подигнеме еколошката свест на младите ученици на возраст од 12-14 години, од ОУ "Бајрам Шабани" и ООУ "Крсте Мисирков", Куманово. Истовремено промовирање на соживот меѓу различните етнички групи, поточно Македонците и Албанците во Куманово преку организирање на еко – културен настан во основнните училишта. Донирани се 300 садници од ЈП Чистота и Зеленило Куманово а купен е производ за уредување на зелената површина со бел камен .

### ДА ГО УСРЕКИМЕ СЕМЕЈСТВОТО МЕМЕТИ – ТА ВЕЈМЕ ТА LUMTUR FAMILIJEN EHMETI

Помош на семејството на З. М. со храна и хигиенски производи и помош при нејзино вработување во ресторан како куварка. Храната и хигиенските производи се собрани преку донатори. Мајката З. е вработена како куварка во ресторан чиј сопственик донирал храна.

### СРЕЌА ВО ДЕТСКИТЕ ОЧИ

Младите го посетиле домот за деца со посебни потреби „Искра". Тие откако истражиле решиле дека на овие деца им е потребна пред се социјална инклузија, а и на надворешниот свет контакт со овие лица со цел да се пробијат предрасудите и да се даде можност да се запознаат. Направиле

спортска работилница со нивен професор преку која на забавен начин 25 деца од домот и 25 деца со типичен развој поминувале време заедно.

■ ДАРУВАЈ СО СРЦЕ ЗА РАХИМ – DHURO MER ZEMER PER RRAHIMIN

Целта на младинците била да се обезбедат средства за десетгодишниот Р.Ш. за контрола и престој во Турција. Младинците преку театарска претстава собрале средста. Исто така ја споделиле приказната со околината и многу луге донирале парични средства. Со парите проектот е успешно реализиран

■ СЕКОЈА КУЌА ЗАСЛУЖУВА СРЕЌА – CDO SHEPI MERITON LUMTURI

Помирување на долгот на електричната енергија на осумчлено семејство за да може да земе потврда од Центар за Социална Грижа истотака и купување на дрва за греење. Одржале забава со ДЈ и пеач, и направиле собирна акција во школото за дополнителни средства. Донатор обезбедил дополнителни 2 кубни метри дрва заедно со 2 купени. Долгот е подмирен во ЕВН.

■ ИЛЈАДА СРЦА ЗА ЕДЕН ДОМ

Целта на овој проект е помош на трочлено семејство од Куманово. Мајкатата и нејзини две деца живееат под кирија и немаат доволно средства за плаќање на истата. Младите сакаа да обезбедат средства за кирија на ова тричлено семејство. Реализираа неколку активности и собраа 62.000 денари. На семејството им е доставена и храна и облека.

■ МАЛИТЕ НЕШТА ДОПОЛНУВААТ ГОЛЕМИ – GJERAT E VOGLA PLOTESOJNE NEVOJA TE MEDHA

Да се живее во светлина била целта на оваа група која сакала да помгне на тринаесетчлено семејство чија мајка боледува од срцето.Младинците иделе по продавници и куќи, собирале донации за семејството и со собраните пари им приклучиле струја и им ја платиле првата рата од долгот за електрична енергија

■ НЕ СЕ ДВОУМИ ПОМОГНИ И ТИ - MOS HEZITO, NDIHMI EDHE TI

Целта на овој проект е да се помогне на семејство инвалиди пред се на синот Б. За таа цел организирале изложба на слики на една од волонтерите во проектот А. Л.

## **ООЦК НЕГОТИНО** – ПАНДОРКА ИЛКОВА

### ПОДАДИ РАКА – НАЦРТАЈ НАСМЕВКА

Да се подобрат можностите за работа во Црвен Крст Неготино, да има поголема мотивација за работа, да има мегусебна дружба. За таа цел е организиран хуманитарен турнир во фудбал на кој се пријавиле 20 екипи, проекција на филм и ДЈ забава. Со средствата собрани од овие активности е ангажиран мајстор за изградба на летниковец во дворот на ЦК во Неготино.

### ПОДАЈ РАКА

Целта на оваа група беше да помогне на оние дечиња чии родители не можат да им обезбедат основни и неопходни услови за нормално спроведување на образовниот процес преку активности со кои собраа околу 18 000 денари искористени за набавка на средства за овие дечиња.

### ПОДАРИ РАКА - ПОДАРИ РАДОСТ

Младите во овој проект помагале да се социјализираат децата од паралелката за ученици со посебни образовни потреби и да ги поттикнат и другите да имаат позитивен пристап кон оваа група на ученици. Тоа го направиле преку мноштво дружења, креативни работилници и презентации во училиштето, но и на градскиот плоштад во Неготино. Во своите активности вклучиле и консултации со стручно лице - дефектолог.

### ТОПОЛ ДОМ

Целта на проектот е да се обезбедат основни услови за достоинствен живот на осумчлено семејство.За таа цел , младинците направиле собирна акција во своето училиште. Во соработка со занаетчија и деца од училиштето изработиле глинени предмети со декупаж техника што биле поставени на продажба на 1ви Април, организирале хуманитарен етно концерт и изложба на народна носија во Музеј на град Неготино.

## **ООЦК ОХРИД** – МАРТИНА ЃОРШЕСКА

### МОСТ

Социјални работилници со цел инклузија со деца со посебни потреби и со 10 деца со типичен развој организираа 6 работилници со разни игри,

интерактивни предавања, екскурзии итн. Исто така собрани се 827 ден од одбележување на денот на лицата со Даунов синдром со кои се купени сок, грицки, слајм, бели маици на децата. Во работилниците учествуваа 6 деца со посебни потреби 7-11 години и 10 со типичен развој од 11 години. Направена е и анкета пред и после работилниците.

## ВИНОЖИТО

Целта на проектот бешее да се срушат бариерите помеѓу 25 деца од различни националности, од седмо и осмо одделение од пет основни училишта во градот.
Младинците преку работилници, заеднички марш, Game night, и екскурзија поминуваа време заедно, научија вистински вредности во животот, почитување на различностите без предрасуди.

## ЦУТ

Со огромна волја овој тим помогна на петчлено семејство кое живеело во многу лоши услови. Младите прават тотална трансформација на нивниот дом, со тоа што повторно враќаат струја во домот на семејството, им купуваат плочки за во подот, молерисуваат нивната куќа, машина за перење, мебел, облека, училишен прибор за малото девојче.
Ова го прават преку 2 филмски проекции, забава, изработување цртежи и продавање на колачиња.Собрале околу 48 000 денари и проектот беше успешно реализиран и заслужи Сонце.

## ПХВ ФАМИЛИЈА

Целта на овие младинци била здружување на целиот ПХВ тим од нивниот град. За таа цел младите напишале песна и истата ја снимиле. И се вклучиле во сите други проекти кои ги имаат реализирано во ООЦК Охрид.

## ПОПОЛНЕТИ ПРАЗНИНИ

Младинците од Охрид од оваа група избрале за своја целна група една стара бабичка која живее во пензионерски стан во полоши услови, со влага во станот и оставена од семејството. Младинците ја реновират собата каде таа живее, односно ја варосуваат и купуваат потребен апарат за мерење шеќер и притисок. Исто така ја носаат на еднодневна екскурзија. За да го реализираат сето тоа, тиа организират велесипедски трки.

### А ШТО ПО БУРАТА

Овој проект беше наменет за помош на петчлено семејство чиј татко е во затвор. Се собраа околу 69.000 денари со кои се купени сите потребни средства. Младинците организирале продавање на мартинки и филм викенд за собирање на парични средства за делување во тоа што им е најпотребно на целото семејство. При акциите и ангажираноста, добиле и голем број на донации од мајстори, сопственици на фирми, хумани луѓе .

### СЛОЖУВАЛКА

Младите во овој проект успеале да обезбедат велосипед и кацига за 11 годишно момче со аутизам, дружење со него со цел родителите да можат да извршуваат и други обврски, поучување и негова социјализација, организирање на роденденска забава за неговиот 11 роденден и повторно одржување на третмани со дефектолог затоа што детето за таа цел мора да оди во Битола.

### СРАМЕЖЛИВА СРЕЌА

Целта на младинците беше да ги подобрат застарените услови за живот на 7 членото семејство преку обезбедување на апарати за домаќинство. Тие за да ја остварат целта тие организираа многу активности меѓу кои продажба на пуканки и сок кои сами ги правеле, барале донации, учествувале на фолклорен концерт и организираа забава, со кои
обезбедија електричен шпорет, машина за перење алишта, телевизор, кебиња, јоргани, играчки и производи со храна и хигиена.

## **ООЦК ПРИЛЕП** – ЕЛЕНА МИРЧЕВСКА

### СО ВОЛЈА И ТРУД ДО НАСМЕВКА

Да се подобри состојбата на семејството и да се обезбеди поздрав живот на децата беше мотив и цел на оваа група . Преку обезбедување на правосмукалка, блендер, пегла, даска за алишта, 5 пара патики, 2 пара тренерки и две блузи овие младинци ја исполнија својата цел. За да соберат средства за помош, организирале натпревар во одбојка со 16 екипи, и поставиле кутија за донација, а користеле и спонзори „Витаминка“, „Прилепска пиварница“ и „Макс Спринт“

## ПРИЛЕП

Целта на овој проект е обезбедување доволно финансиски средства за набавка на циментот , ламинат, работна маса со можност за вградување на плинска боца, правосмукалка, телевизор и облека за полуматурантката С. За да се реализира сево ова, направен е курс за ориентација и голем хуманитарен концерт со повеќе од 450 гости.

## СИТЕ СМЕ ИСТИ

Да се помогне на петчленото социјално загрозено семејство од ромска кои живеат под кирија што едвај ја плаќаат, преку набавка фрижидер, правосмукалка, обезбедување донација од мебел, јоргани, перници, храна, обувки и витрина, но и развивање на свеста
кај локалното население за соживот помеѓу македонците и сите други малцинства на етнички заедници, преку Културен караван низ училиштата во Прилеп.

## ТОПОЛ ДОМ ЗА СЕКОГО

Целта на проектот е обезбедување на основни услови за живот на бабата и нејзиниот внук. За да успеат во својата цел, младите организирале хуманитарен концерт со солисти од музичкото училиште и обезбедиле финансиски средства за да купат ламинат, правосмукалка, кујна, велосипед . Исто така финансиски средства обезбедиле и преку продажба на честитки изработени на креативна работилница за осмомартовски честитки во дневниот центар за лица со церебрална парализа. Обезбедени се биро и двосед, куќата е исчистена, теписите испрани, ѕидовите варосани и влагата отстранета.

## ЧОВЕКОТ - А НЕ ПОПРЕЧЕНОСТА

Подобрување на квалитетот на животот на лицата со интелектуална попреченост преку давање на конкретни препораки за подобрување на пристапот на информации и начини за комуникација со останатата средина беше цел на овие млади во нивниот проект. Тие се насочија кон подобрување на волонтерската пракса и поддршка за спроведување на редовните активности во Центарот каде што меѓучовеќките однсои биле нарушени.

## ЕМАНУЕЛ

Поставување на ПВЦ плекови во форма на буквата Т.Преку продажба на колачиња за 8 Март, собирна акција за книги и продажба на истите, продажба на пораки (мудри мисли) како и организирање на ракометен натпревар и донација од фирма која работи со плекови собрани се финансиски средства за поставување на ПВЦ плекови во форма на буквата Т за физичко разделување на двете WC школки.

## ПОДОБРИ НЕЧИЈ ЖИВОТ

Целта на проектот е обезбедување на подобри услови за живеење кај самохраниот татко. Преку изработка и продажба на мартинки, организирање на квиз во ООУ, собирни акции и прикажување на филм биле купени ламинат, кревет и плакар кои биле однесени кај таткото.

## НОВ ИЗГЛЕД

Целта на овој проект е да се среди дворот на центарот Порака во Радовиш. За таа цел, младите реализирале низа активности, кино проекција, дружење со децата, изработка и продажба на мартинки, собирање на средства со касички...Собрани се 60 000 за да се реализира целиот проект.

## ГЛЕДАЈ – СЛУШАЈ – ЧУВСТВУВАЈ

Да помогнеш на некого значи да подариш насмевка . Тоа беше мотото на групата  за помош на едно семејство .Спроведени се бројни активности: изработка и продавање на мартинки ,обезбедено преглед кај лекар специјалист, обезбедено/купено и предадено на користење слушно апаратче; две собирни акции во селата Подареш и Јаргулица; и хуманитарен концерт при што, се собрани и искористени за целните потреби на четиричленото семејство -  25.000 денари.

## СИТЕ СМЕ ЕДНАКВИ

Надминување на недоразбирањата меѓу младите од различни религии преку организирање на 9 забавно едукативни работилници со група од десет ученици од македонска и десет ученици од турска националност. Се организирале посети на религиски храмови, разговори за култура, традиција и слично. Групата продолжила да се дружи и по престанокот на проектот, а на барање на групата се направени и две дополнителни работилници.

### ЕДЕН ЧЕКОР – ЕДЕН СПАСЕН ЖИВОТ

Младинците преку низа активности: организирање продажба на чај и лимонада, организирање 3 турнири во видео игри, поставување касички во познатите кафулиња, како и преку организирање голем хуманитарен концерт со познати локални имиња, успеале да обезбедат вкупно 35 000 денари, со кои ги подмириле заостанатите долгови за лекарствата и телевизија за дете кој боледува од церебрална парализа а во меѓувреме се оперирал во Турција.

## **ООЦК РЕСЕН** - СЕБЕХАТ СЕМШЕДИНОВСКА

### НАШАТА ЧИСТА СРЕДИНА А ВОЕДНО И ЗДРАВО ТЕЛО ЗДРАВ ДУХ !

Прекрасно уреден двор во Гимназијата, преубава глетка, задоволни ученици и граѓани.

Реализирани се училишни турнири по мал фудбал и кошарка, на кои на учесниците им се наплаќа котизација по симболична цена, а со собраните средства се набавиле цвеќиња, дрвца, ѓубриво, земја и бои за декорација на гуми, преврзочен материјал за сандачињата по прва помош во училиштето.

### АКО САКАШ МОЖЕ ДА ПОМОГНЕШ

Целта на проектот беше да иницираат сите Преспанци да им помогнат на браќата со лесен хендикеп, кои биле напуштени од мајка им, а чии што татко им починал лани. Тие не земаат никаква социјална помош и немаат приходи. Преку креативна работилница за изработка на поклони и балони со бонбончиња и организирање на забава во кафичот „Gold Caffe“, младинците успеа да соберат 5.500 денари и со тоа да им купат ќебиња, постелнини и садови за домаќинство, тенџериња во кои понатаму сами ќе учат да подготвуваат храна.

### ЗА ПОДОБРА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ НАС

Со цел подобра комуникација помеѓу учениците од различни националности во училиштето “Славејко Арсов” во село Подмочани, волонтерите сакале да ги научат неколку ученици Македонци основни работи на Албански јазик . Младинците анкетирале 10 ученици Македонци од кои биле 8 заинтересирани да научат Албански јазик, притоа им организирале курсеви во Општината на ЦК (4 недели по 1 час).

### НАСМЕВКАТА Е НАЈГОЛЕМА СРЕКА ЗДОГЛЕДАНА КАЈ ДЕТЕТО

Целта на овој проект беше да се обезбедат часови за ритмика, музика и пеење на децата од центарот за лица со посебни потреби „Мобилност“. За да го постигнат тоа тие организрале настан со музичар кои им покажувал на децата како се користат некои инструменти.

## **ООЦК СТРУГА** – СЛОБОДАН КУТАНОВСКИ ВИСАР МУРТЕЗАИ

### БОИТЕ ЈА ОЖИВУВААТ ДУШАТА – NGJYRAT GJALLEROJNE SHPIRTIN

Младите го посетија основното училиште „Асим Агуши“ во село Ладориште. Таму истражија и поставија цел да ги подобрат условите во училиштето преку декорирање на зидовите кои биле оштетени. Потоа собраа донации во селото и со тоа ги набавија потребните средства па ги обоија зидовите.

### ПАРЧЕ СРЕЌА – NJE COPEZ LUMTURIE

Целта на проектот беше да се соберат финансиски средства за да им овозможат на двајца соученици кои потекнуваат од економски ранливи семејства, да ги покријат трошоците за екскурзија, како не би се чувствувале запоставени од целата генерација. Младинците собраа 280 евра, или 17.220 денари, преку собирни акции по компании, продавници, кафулиња и случајни минувачи низ градот.

### СПОДЕЛУВАЈ РАДОСТ – SHPERNDA LUMTURI

Со цел дружење и радост за сите овие младинци решија да поминат време заедно и да ги усреќат 13-те деца кои се згрижени во „Порака нова“. Преку креативна работилница заедно изработија честитки за 7-ми март (денот на наставникот) и 8-ми март (денот на жената).

### СЕКОЈА ДАМА ЗАСЛУЖУВА ЦВЕЌЕ

Да се купат цвеќиња и да им се поделат на болни жени во болница во Струга за 8ми Март. Да се усреќат жените кои во тој момент се во неповолна состојба беше идејата на овој тим.Цвеќињата биле донација, волонтерите им ги поделија на болните жени, а останатиот дел им го поделија на случајни минувачи жени во градот.

ВЕЛИГДЕНСКА ПОМОШ

За овој проект ПХВ младинците решија да направат проект и да помогнат на едно семејство со дете со ментална попреченост и да им купат шпорет и храна. За таа цел реализираа собирни акции во две училишта, акција ,,врата на врата" при што храната и шпоретот се купени и предадени на мајката.

ОД СРЦЕ ЗА МАРТИН

Младите од овој проект имаа за цел да обезбедат колку што е можно повеќе донации за лекување на М. С. со матични клетки во Русија. При тоа органзиираат собирни акции на повеќе локации во Струга, неколку базари во средните и основните училишта и го презентирале целиот проект во СОУ д-р Ибрахим Темо, со тоа собрале 96 975 денари.

ПЕТТЕ НАСМЕВКИ НА ПЕТРЕСКИ

Сакајки да помогнат со условите на живеење на едно семејство овој тим реши да оранизира акција во канцелариите на општината на град Струга и Телеком како и проекција на детски филм како и обезбедување на донација на храна од локални маркети. Обезбедувајќи бојлер,под,влезна врата, кауч, храна, облека и електрични апарати овој тим ја врати насмевката на лицата на ова семејство.

## **ООЦК СТРУМИЦА** – ИВАНА ДРУБАРОВА

СПОРТ И СМЕА

Да се обезбедат финансиски средства за да се плати обука на 2 лица за персонални асистенти, кои потоа волонтерски ќе им помагаат на 3 лица од Заводот за рехабилитација во Банско кои немале персонални асистенти е проектот на овие младинци. Младинците преку организирање 2 турнири во фудбал, со анимирање на сите училишта од Струмица и околината, со наплата на котизација на екипите и наплата на влезници за гледање на натпреварите ја реализираа својата цел и собраа 7 000 денари.

ОД ВЕЛИГДЕНСКО ЈАЈЦЕ ЦРВЕНО ДО ЛИЦЕ ВЕДРО И НАСМЕАНО

Со цел финансиска помош на младиот С.Ј. за операција при повреда на рбетниот столб со која се здобил при сообраќајна несреќа младинците заедно со помош на професор од ООУ „Гоце Делчев" во селото Босилово, Струмица

организирале велигденски базар од производите припремени на трите креативни работилници и собрале 18500 денари.

## **ООЦК НОВА** – СОЊА СТОЈКОВИЌ

### ДОБРИНА ЗНАЧИ МОЌ

Целта на овој проект е помош на децата во Дневен центар за деца на улица Шуто Оризари преку обезбедување на микропечка, лекови како и дружење и социјализација со децата. Организиран е концерт на кој се собрани средствата во ресторан Паскал, а 4 работилници по 2 часа се оддржаа во самиот центар.

### ТОПОЛ ДОМ И НАСМЕВКИ

Помош на осумчлено семејство чија куќа изгорела во пожар беше цел на оваа група при што преку собирни акции собрале околу 200 евра со кои успеале да купат училишен прибор, организирале пикник и прошетка низ ЗОО Скопје. Обезбедиле 20 кеси со облека, играчки, кревет и количка за бебето.

## **ООЦК ШТИП** – ХРИСТИНА ДВОЈАКОВСКА

### КЛИНИКА ЗА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

Да се пружи комплетна и персонална асистенција еднаш неделно на најзагрозените слепи лице од Штип беше целта на овој проект,
Преку донаторска акција во средното медицинско училиште „Јане Сандански“, младинците помагаат во реализацијата на претстојната екскурзија која ја организира Здружението на слепи лица, кој се одржува во Берово по првата половина од месец јуни.

### СЛОЖНО И СЕ Е МОЖНО

Младите го посетиле домот за деца со посебни потреби „Искра“. Тие откако истражиле решиле дека на овие деца им е потребна пред се социјална инклузија, а и на надворешниот свет контакт со овие лица со цел да се пробијат предрасудите и да се даде можност да се запознаат и да видат. Направиле спортска работилница со нивен професор преку која на забавен начин 25 деца од домот и 25 деца од типично училиште се дружеле.

СПЛОТЕН ГРАД ЗА НУЛА ГЛАД

Обезбедување комплетен оброк за семејствата од населените места „Колонија, Ванчо Прќе„ еднаш во неделата, преку донаторски акции за намирници од кои потоа се приготвувавле различни јадења во јавна кујна. Со текот на времето, по надминувањето на првичната цел, проширен е географскиот опсег на акциите, па караванот со храна еднаш неделно (секоја среда) врвел во 5 рурални средини.

БИДИ ВО ТРЕНД БИДИ ФРЕНД

Целна на овој тим беше обезбедување на средства да се плати екскурзија од страна на соучениците на С. кој има брат со Аутизам и живее во сиромашно семејство. Средствата се обезбедени со продавање на ракотворби и честитки за 8ми Март и забава која се тврди дека е мултиетничка со учениците од училиштето.

## **ООЦК СКОПЈЕ** – НИНА ШКОФ

МОЖНОСТ ЗА СИТЕ

Групата на ПХВ младинци со непосредна перцепција и присутност утврди дека, во МНТ во Скопје нема соодветни рампи кои би овозможиле лицата со потреби или телесна попреченост да го остварат своето непречено право и можност за влез во и театарот и сцената. За обезбедување на дел на финасиски средства организираат хуманитарна забава во кафебар читална во студентскиот дом Гоце Делчев и донација од Цевитана- Витаминка, при што собрале 6.000.00 денари.

ГОТВАЧОТ НА БАБА

Целта на проектот беше да се поттикне проширување на знаењата кај младите, но и да ги потсетат повозрасните за богатството во нашата култура вклучувајќи ги храната, традицијата и обичаите. За таа цел, младите изработија блог на кој прикачија 19 рецепти за традиционални јадења, и организираа предавање со етнолог М. М. на тема обичаите во нашата земја.
https://oldrecepies1.blogspot.com/

ЗА ПОУБАВ СВЕТ

Со цел да се уреди и разубави Дневниот центар за лица со церебрална парализа во Капиштец така што имаа идеја да изградат летниковец и

успеаја хортикултурно да го уредат просторот за летниковецот. Тоа го направија преку повеќе акции: Хуманитарен концерт пред куќата на Мајка Тереза, одбележување на денот на шегата на градскиот плоштад заедно со корисниците од центарот и проекција на филм во Домот на културата во Ѓорче Петров.

### ВРЕДИ ЗА МЕДИ

Подобрување на условите за живот во семејниот дом на мајката Е. и осум годишниот син М., бегалци од Косово кои живеат во Скопје. Мајката нема лични документи и поради тоа не е во можност да работи и да заработува. Преку донација, младинците обезбедиле кревет за спиење и велосипед, шпорет за готвење, храна, облека, училишен прибор и друга покуќнина. Младинците организирале хуманитарен фолклорен концерт, на кој настапиле 4 фолклорни друштва, а со собраните финаниски средства, младите купиле печка за греење на дрва.

## **ООЦК ЦЕНТАР** – АНДРИЈАНА МАРКОВСКА

### БЕЛА ТАБЛА -

Да се купи нова бела табла и да се замени со старата зелена табла од училницата по биологија и хемија во училиштето Св. Кирил и Методиј. Младинците организирале слаткаријада, соленијада и дефиле под маски за први Април, исто така организирале продавање на новчанчиња, коишто ги добиле од нивната наставничка. Со собраните средства ја куптиле белата табла.

### МЛАДИ МЕДИЦИНАРИ

Да се обезбедат средства да се купаат топломери, перници и постелнини за пациентите во клиниката на детска хирургија. Обезбедени средства беа вкупно 30 000 денари преку разни собирни акции кои ги организираа заедно со другите ПХВ младинци од ООЦК Центар. Обезбедени 100 чаршафи, 100 навлаки, 50 перници, 15 топломери и донирани на клиниката.

### ЗА НАШИОТ ПОЛУМАТУРАНТ ЏЕМО

Обезбедување на парични средства за да се купи соодветна облека за полуматурата, да се плати вечерта за прославата, да се плати екскурзијата

и да се платат трошоците за сликање за алманах на Џ. Ј. – соученик. Средствата се обезбедени преку продажба на мартинки и несесери кои сами ги направиле.

## ЅИД ОД ЉУБОВ

Овој ПХВ тим реши да помогне на петчлено семејство кое живее во најтешки услови, без стабилен ѕид и без под. Организирана е креативна работилница за изработка на маски кои се делени и продавани за 1ви април; собирна акција во Џамбо ВЕРО; собирна акција во СУ Корчагин; и хуманитарна забава во клуб „Маракана", при што се собрани и искористени за наавка на материјали и мајсори, 26.342 ден, и донирани 6.000.00 ден. за ламинатот.Дониран е и телевизор, изграден е ѕидот и наместен е подот.

## ХУМАН ГАЛЕБ

Целта на проектот беше да се обезбедат доволно финансиски средства за да се набават машина за перење алишта, бојлер, фрижидер, правосмукалка и врата за тоалет, со што би се подобрил квалитетот на живот на баба А. и дедо С.. Потребните средства ги обезбедија преку организирање на 2 креативни работилници за велигденски базар со ученици од ООУ „11ти Октомври", 1 работилница за подготовка на производи за тортијада во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин" како и продажба на билети за театарската претстава „Галеб", која се изведуваше во МНТ.

## ДА ДОНИРАМЕ СО НАСМЕВКА

Да се подобрат условите за живот на шестчленото социјално загрозено семејство преку обезбедување на: многу покуќнина, предмети, играчки, храна, облека, средства за хигиена. Младинците најголемиот број предмети ги добиле преку собирна акција и донирање, а исто така организирале собирна акција во Веро Џамбо , кинопроекција со пуканки, потоа организирале работилница за оригами со ученици со попреченост од средното училиште „Св. Наум Охридски",Влезната врата ја добиле донација, а потоа со собраните пари 15, 367 денари купиле чешма, храна и хигиенски производи .

## КОКО

Целта на овој проект беше да се засадат 20 (бреза, жална врба) садници и да се нацртаат графити во дел од живеалиштата на животните во ЗОО Скопје.

### МЕРИЕМ ОДИ НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

Да се обезбедат финансиски средства за настава во природа на М. Ј. .Финансиските средства ги обезбедија преку организирање и изведба на куклена претстава „Баба Зима". Претставата беше изведена во холот од училиштето и прикажана пред учениците од I-V одделение, а куклите и сценогртафијата беа изработени од страна на тимот ПХВ младинци. Исто така, младинците организираа повеќе продажби на несесери и новчаници на различни локации, донирани од наставничка, од чија продажба довивале по 10 денари од парче.

## **ООЦК ГАЗИ БАБА** – КЛЕМЕНТИНА АВРАМОВИЌ

### ИНИЦИЈАТИВА ПЛУС

Поправање на небезбедните направи на игралиштето, бојадисување на целата опрема во него и чистење на отпадоците во и околу игралиштето. Во соработка со ЈКП од Гази Баба реконструирано е детско игралиште во населбата Маџари кое претходно било запоставено и не било во функција.

### МАЛИ ГРАДИНАРИ

Организација на две интерактивни едукации за поткревање на свеста за екологијата, здравата исхрана и хигиената кај 60 деца од четири до шест годишна возраст во две градинки на териториите на Гази Баба, „Искра" и „Детелинка" и садење на 30 овошки со децата во дворот на градинките.

### КАРИЕРА ПО МЕРКА

Учениците од овој проект сакаа да им помогнат на учениците од две основни училишта, односно на 150 младинци правилно да ја изберaат својата професија. Организираа анкети во кои младите напишаа за што се заинтересирани и во однос на нив поканија гости предавачи кои зборуваа за професиите за кои младите беа заинтересирани.

### НИЕДНО ДЕТЕ НЕ Е РОДЕНО ЛОШО

Запознавање и едукација на 200 ученици од три ООУ: „Крсте Петков Мисирков„ , „Св. Кирил и Методиј„ и „Стив Наумов„  за проблемот, причинители и фактори, последиците и превенцијата на малолетничката делинквенција. Извршените подготвителни активности, комуникации

и контакти со директори и психолози во училиштата, групата по општо и посебно истражување за целната група подготви, организира и реализира 8 едукативни работилници .

### ЗАМОЛЧИ ЈА ОМРАЗАТА

Да информираат најмалку 100 млади за значењето на поимот говор на омраза, неговите форми и неговото негативно влијание, преку настан што содржи форум театар и видео запис од интернет разговор помеѓу двајца млади, како и слики кои се споделуваат на социјалните мрежи, а нивната содржина е говор на омраза.
Специфична цел: Спроведување на интернет кампања за поткревање на свеста за говор на омраза. Промоција на мир и толеранција на етничко ниво.

### СИТЕ СМЕ ИСТИ

Младите од овој проект обезбедиле училишен материјал за 20 ученици во паралелката во ООУ „Стив Наумов“ за лица од посебното ОУ „Иднина“. Тоа го направиле преку собирни акции, продажба на пуканки, лимонада и пораки.

## **ООЦК КАРПОШ** – АНАСТАСИЈА ЈАКЧУЛЕВА, МЕНСУР ЈАКУПОВ

### СЕКОЈ ЗАСЛУЖУВА СРЕЌА

Помагање на децата со попреченост од проектот Хуманко и нивните волонтери со купување на дидактички материјали, принтери, едукативни материјали за подобра настава и интерактивни вежби и игри. Средствата се собрани преку продавање на рачно изработени мартинки во неколку акции, донации и забава со жива музика. Истотака е кречена и средена просторијата каде се одвива проектот и направена е социјализација со децата.

### СО ПОЛНИ ГРАДИ

Целта на оваа група беше да се купат инхалатори за институтот за белодробни заболувања кај децата – Козле. Собрани средства преку собирна акција со продавање на ракотворби и забава со ДЈ. Обезбедени 4 инхалатори во вредност од 10690 ден.

### НАСМЕВКА – BUZEQESHJA

Целта на проектот е да се помогне на две сиромашни соученици од училиштето Бајрам Шабани и нивните семејства со храна, хигиенски продукти и облека. Младинците направиле три поединечни собирни акции, едната за собирање на храна, втората за собирање на хигиенски продукти и третата за собирање на облека. Донираните продукти биле во одлична состојба и чисти.

### НАСМЕВКА

Да се безбеди една опремена просторија, односно уредување на едно „Катче за едукација и социјализација на децата со посебни потреби" и истото ќе го опремиме согласно со собраните средства од нашите акции, а прилагодено на потребите на децата. Во таа просторија ќе има различни предмети кои ќе го стимулираат развојот на децата со посебни потреби. Главниот поттик за да ја одбереме оваа идеја беа децата од проектот "Хуманко".

### НАДЕЖ

Младите од овој проект имале за цел да обезбедат парични средства за рехабилиотација во Хрватска на 10 годишната С.С. која боледува од цербрална парализа. Преку повеќе активности, како што е осмомартовски базар и продажба на креативни изработки во градскиот парк во Скопје, собрале 23 000 денари и успеале да обезбедат еден третман.

### РАДОСТ

Целта на младите од овој проект беше да обезбедат работни услови за деца од две семејства притоа купувајки биро,фрижидер, училишен прибор и многу други училишни материјали. За таа цел организирале креативни работилници за изготвување мартинки и пораки за убав ден, поставиле собирни касички 3 пати. Од овие активности собрале вкупно 15 000 денари. Набавиле донација во вредност од 13 000 од СМД Солутионс ДОО Скопје, Заедно со друга група продале половината карти за хуманитарен концерт и обезбедиле 25, 000 денари.

### ВИНОЖИТО

Овој проект имаше две цели, и тоа

1. Обезбедување на дидактички материјали и ресурси за полесно образование за 7 децата со посебни потреби во училиштето

ООУ"Вера Циривири-Трена" во Карпош, Скопје. За да ги обезбедат петребните финансиски средства, младите организираа 2 собирни акции.

2. Социјализација и заедничко дружење на 7 деца со посебни потреби и 30 деца со типичен развој од VI-IX одделение, сите од ООУ"Вера Циривири-Трена"во Карпош. За да го постигнат ова, тимот организираа 3 заеднички креативни работилници.

## **ООЦК КИСЕЛА ВОДА** – НАТАЛИЈА КРСТЕСКА, ВИОЛЕТА КРСТЕВСКИ

### ЦАРУВАЈ – ДАРУВАЈ

Учесници од овој проект сакале да им помогнат на семејството М. кои живееат во тешки услови. Им купиле шпорет, бојлер, фрижидер, многу храна и вода./ Исто така тие го прославиле роденденот на нивниот син и цело семејство го однеле во Музеј Илузии и золошка градина. За да го сотварат ова тие реализираа многу големи активнсоти: хуманитарна трка, хуманитарен концерт, турнир во шах, турнир во фудбал. Целиот проект беше одлично промовиран.

### КОИ СМЕ НИЕ КАКО ЛУЃЕ

Целта на овој проект е помош на 4-три члено смејство кое има две малолетни деца. Реализирани се низа на активности голем хуманитарен концерт со присуство над 400 лица, хуманитарна трка и други нешта. Собрале вкупно 61.000 мкд и реновирале купатило на семејството, сменила водоводна иснталација, поставиле бојлер, купиле храна, облека. Целото семејство го однеле во музеј Илузија и золошка градина.

### СИТЕ СМЕ РАЗЛИЧНИ А СЕПАК ИСТИ

Со цел подобро запознавање и разбивање на стереотипите на нашето општество, нашиот тим преку 10 работилници успешно ги запознаваше традициите, обичаите, културата, празниците, некои зборови од Албанската и Македонската вероисповед. Тоа ни остави голема трага во нашите секавања а пред се пријателства кои ке ги негуваме.

ЗОШТО НЕМАМЕ НАСЛОВ

Да обезбедат финансиски средства за купување телевизор со цел децата од установата Златен Сремец со пречки во развојот и со Даунов синдром да го користат за образовниот процес и едукацијата, а исто така и некои средства за хигиена, канцелариски материјали и кујнски прибор за секојдневна употреба за децата од установата Златен Сремец.

Младинците организирале низа активности од кои собрале 37 000 денари и купиле Телевизор, средства за хигиена, опрема за моделирање, канцелариски материјали.

## **ООЦК ЧАИР** – СОЊА БОШКОВСКА, ИСКРА ЗЕНДЕЛИ

Ѕвездичката нека светне со сиот свој сјај

Обезбедување на соодветна здравствена заштита за Б. и остварување на правото за посебен додаток.- Остварена е соработка со Заводот за рехабилитација на деца и млади и се направени прегледи кај матичниот лекар при што е утврдено дека е потребно Б. да се третира во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас во рамките на клиниката Мајка Тереза. При што Б ке има паричен надоместок и ќе има право бесплатно да користи памперси и третмани кај логопед и дефектолог во следните месеци.

ПРИКАЗНАТА ЗА ПАРКОТ – PERRALLA PER PARKUN

Целта на овој проект е да се уреди паркот во Топанско поле, да се исфарбаат постоечките справи/играчки и да се обезбедат нови лулашки.

Младинците го чистеле паркот секоја сабота 5 недели по ред, посадиле трева, ги исфарбале играчките и ставиле две нови лулашки. Средствата за обезбедување на потрошните материјали ги собрале со собирна акција во нивното училиште.

PRODUCTIVE BODY HEALTY LIFE

Целта на проектот е да се соберат средства за купување на неопходни реквизити за салата за спорт и физичка култура во основното училиште Хасан Приштина во Скопје.

Младинците организирале креативна работилница за правење на честитки. Истотака организирале маскирање на деца за први Април во градинката “Fi-

dani" и собирна акција. Со собраните средства купиле реквизити за спортската сала на училиштето, коишто ќе ги користат учениците на училиштето и други луѓе коишто ја користат спортската сала. Собрале пластични шишиња, ги однеле во центарот Нутривет и склучиле договор со Пакомак, коишто им подариле две корпи за отпад.

## OLDTIMER

Целта на проектот е да им се помогне на старите лица о домот за стари лица "Лика Чопова" да имаат подобри услови за функционирање, рекреација и забавување. Додатно волонтерите и поминувале време со старите лица, при што играли игри и учеле од старите лица.Во проектот се собирани средства од хуманитарна акција и хуманитарна забава, кои биле наменети за уредување на дворот од домот за стари лица и подобрување на нивните услови за рекреација и забава во домот.

## THE JOY OF YOUNG WRITER

Целта на овој проект беше финансиски да се помогне на С. А. којашто има еден родител и семејство со многу тешки финансиски услови. Преку собирна акција и продавање на претходно испечатени книги на Сејдина во средното училиште "Зеф Љуш Марку" и во Старата Скопска Чаршија, младинците собрале доволно средства за да и уплатат два универзитетски семестри во Универзитетот "Мајка Тереза" и да и обезбедат лаптоп и да ја поттикнат да продолжи да го развива нејзиниот талент, односно да продолжи да пишува и да го развие нејзиниот талент

## НАШЕТО ДЕЛО НЕЧИВА СРЕЌА - VEPRA JONE, LUMTURIA E DIKUJT TJETER

Тројца младинци се консултирале со нивните наставници и соученици дека сакаат да помогнат некаде. Еден наставник им предложил две семејства каде можат да помогнат. Тие организирале акција на донирање во училиштето каде собрале 4840 денари и ги поделиле на двете семејства како парични средства.

## ВИНОЖИТО – YLBERI

Младите го посетиле центарот за рехабилитација на лица со посебни потреби „Иднина", и преку нивното истражување одлучиле дека тие немаат облека (маици и долен веш) па според тоа организирале претстава и со паричните средства донирале и ги купиле целните средства.

## НАСМЕВКИТЕ НА НИВНИТЕ ЛИЦА СЕ НАША ЦЕЛ

Групата на пхв младинци утврди  дека недостасува наставен материјал, нагледни можности и привлекување и мотивација на децата за опстојување во центарот Шуто Оризари а, за спречување на враќање на децата повторно на улица, одлучено е да се набави и е набавено телевизор, наставен материјал и облека. За остварување на целта организирани и реализирани се креативни работилници и хуманитарни настани и акции.

## БОЈА НА РАДОСТА

Да се  помогне на четири членото социјално – загрозено семејство преку собирање финансиски средства за задоволување некои основни потреби беше цел на оваа група.Младинците организирале собирни акции во околината, во нивното училиште, потоа организирале работилници во ООЦК Чаир на кои направиле и продавале мартинки и осмомартовски предмети во нивното училиште. Вкупно собрале 7 670 денари, но подлегнувајќи на негативни коментари и притисоци од околината го прекинале проектот и им ги предале собраните средства на семејството.

## МНОЖИ ЉУБОВ ЗА ДА ИМАШ ПОВЕЌЕ ДА ПОДЕЛИШ

Целта на проектот е заедничко дружење и помош во социјализацијата на С. како и обезбедување облека, хигиена и компјутер. Младинците организирале неколку собирни акции, продавале мартинки и храна. Исто така поминувале време со Стефи и заедно се дружеле на кино, правеле пикник, прошетки, и помагале во учењето и домашните задачи и полека и ја претставувале идејата на Црвен крст.

## ПОВТОРНО ДА ГО ПОЧУВСТВУВАМЕ МИРИСОТ НА СРЕЌАТА

Младите од овој проект имале за цел да обезбедат кујнски елементи (шпорет и фрижидер) за полесно функционирање на домот. Тие успеале да ги обезбедат истите преку собирање на 15 000 денари, така што организирале собирна акција, забава и спортски активности.

## СИЛАТА СЕ КРИЕ ВО РАЗЛИЧНОСТИТЕ

Реставрација на дворот пред зградата во која живеат 37 штитеници од Заводот за рехабилитација на деца и млади во Скопје, преку чистење, поставување канти за селекција на отпад, засадување зеленило и цвеќиња,

реконструкција и ставање во употреба на справите во него. Младинците организирале изработка и продавање на мартинки,  изработка и продавање на украси и честитки , неколку собирни акции и напишале молба до ЈП „Паркови и зеленило“ за добивање поддршка и канти . Потоа, заедно ги поставиле лулашките и го бојадисале паркот, а потоа и го купиле прашокот.

Програмата Црвен крст во Акција- Промоција на Хумани Вредности (ЦКА-ПХВ) веќе 21 години претставува национална алатка за привлекување и задржување на волонтери во Црвениот крст. Оваа година програмата се имплеметираше во **27 Општински организации** на Црвениот крст и беа обучени **1091 младинци**, потенцијални волонтери во организацијата и **36 дисеминатори** кои дадоа поддршка за реализиција на програмата.

Младите добиваат обука за вредностите на Црвениот крст, учат за културата како систем од вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно опшество. Тие добиваат и практични знаења како да изработуваат мали проекти а при тоа се охрабрени да ги користат сопствените капацитети за изработка на проектите преку кои помагаат на ранливото население во местата каде што живееат.

Во текот на циклусот во 2019 година, младинците изработија **150 мали проекти**, вложија **34.027 волонтерски часа**, помогнаа **3.807 лица**, беа собрани **32.659 евра** од заедница кои се вратени во заедница и беа изработени **33 мали проекти со сонце** (трајни промени во заедница).

Имплементација на програмата оваа година беше овозможено од страна на Општинските организиции преку котизација, преку Црвен крст на Р.Македонија и Црвен крст на град Скопје.

